**З А П И С Н И К**

**од 44-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 28 ми март 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Пред да се отпочне со работа им беше оддадена почит со едноминутно молчење на загинатита од несреќата во Кочани.

За 44 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 10 точки.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани;
2. Предлог - Одлука за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандовоза 2024 година;
3. Предлог – Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал;
4. Предлог – План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година;
5. Предлог – Програма за измена на програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;
6. Предлог – Одлука за утврдување на висината на комуналните такси;
7. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршкана КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал;
8. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности;

9. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри;

10. Предлог – Одлука за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација.

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог–Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настра-даните во несреќата во Кочани во износ од 500 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за измена на Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година детално образложение даде раководителката на одделението за финансии Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал во износ од 600 000 денари беше отворена расправа, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Планот за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Предлог – Програма за измена на програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година образложение даде Ѓоко Аврамски, раководител на одделението за урбанизам и комунални дејности.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за утврдување на висината на комуналните такси беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршкана КУД „Младост" с.Јосифово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал во износ од 90 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев" Валандово за реализација на програмски активности во износ од од 90 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка на образба „Полифонија Стрингс" с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестри во износ од од 90 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за финансиска поддршка на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштита на животната средина „Валандовска Бојмија" за реализација на културна манифестација од 15 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Претседател

Записничар — на Совет на Општина Валандово

Соња Христова Јовановиќ — Владимир Марков